# АПСТРАКТ

Невладините организации (НВО) се сметаат за движечка сила и клучен сегмент на секое граѓанско општество, особено во земјите во развој, во транзиција, во почетоците на демократијата, како што е Република Северна Македонија. Преку истражување и анализа на улогите на невладините организации (НВО) во реформите на образовните политики, овој докторски труд треба да обезбеди разбирање и евалуација на улогата на невладините организации во образовните реформи и политики во Република Северна Македонија, во функција на градење и јакнење на капацитетите на образовните институции и образовниот систем воопшто.

Проблем кој во пракса се наметнува и кој се истражува во оваа докторска дисертација е недоволниот интерес за вклучување на граѓанскиот сектор во работата на образовните институции, со посебен осврт на училиштата. Првичните согледувања од состојбите во овој сегмент укажуваат дека само големи невладини организации се вклучени во соработката со образовните институции; образовните институции вообичаено не ги истакнуваат своите потреби и барања, туку само прифаќаат проекти што им ги нудат граѓанските здруженија и фондации; многу малку се користат капацитетите на НВО во стручна помош, а интересот на образовните институции на макро, мезо и особено на микро план (училиштата) за соработка со граѓанските организации и фондации е поголем само ако станува збор за материјално-технички средства.

Тргнувајќи од дијагнозата на постојната состојба, а врз основа на резултатите добиени од теориското и емпириското истражување спроведени во оваа докторска дисертација се настојуваше да се добие реална слика за состојбите во врска со предметот на истражување, но и да се дизајнира можен модел со кој ќе се дефинира потребата и можностите за организирано поврзување на граѓанскиот сектор и образовните институции во целина од аспект на стратешкиот развој на образованието во Република Северна Македонија.

Истражувањето покажа дека постои потреба од воспоставување на функционален модел на поврзување и соработка на граѓанскиот сектор и образовните институции на макро, мезо и микро ниво, со што ќе може организирано да се дефинираат и да се имплементираат потребите и можностите на образовните институции во целина од аспект на креирање на образовни политики за стратешкиот развој на образованието и јакнење на капацитетите на образовните институции.

# ABSTRACT

Non-governmental organizations (NGOs) are seen as the driving force and key segment of every civil society, especially in developing countries in transition, in the beginnings of democracy, such as the Republic of Northern Macedonia. Through research and analysis of the roles of NGOs in educational policy reform, this doctoral thesis should provide an understanding and evaluation of the role of NGOs in educational reform and policy in the Republic of North Macedonia, in order to build and strengthen capacities. of educational institutions and the educational system in general.

The problem that is being practiced and explored in this doctoral dissertation is the lack of interest in including the civil sector in the work of educational institutions, with a particular emphasis on schools. Initial observations of the situation in this segment indicate that only large NGOs are involved in cooperation with educational institutions; educational institutions do not usually state their needs and requirements, but only accept projects offered by civic associations and foundations; There is very little utilization of NGO capacities for expert assistance, and the interest of educational institutions on a macro, meso and especially micro level (schools) for cooperation with CSOs and foundations is greater only in the case of material and technical resources.

Starting from the diagnosis of the current situation, and based on the results of the theoretical and empirical research conducted in this doctoral dissertation, it was attempted to get a realistic picture of the situation regarding the subject of research, as well as to design a possible model to be used defines the need and opportunities for organized connection of the civil sector and the educational institutions as a whole in terms of the strategic development of education in the Republic of North Macedonia.

The research has shown that there is a need to establish a functional model of connecting and collaborating the civil sector and educational institutions on a macro, meso and micro level, which will be able to define and implement the needs and opportunities of the educational institutions as a whole from the aspect the creation of educational policies for the strategic development of education and the strengthening of the capacities of educational institutions.